**20210530794**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.307/20), а во врска со член 91 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во вкупен износ од 452.880.000 денари, од кои во Раздел 191.01 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 464 - Разни трансфери, се утврдени 9.880.000 денари и во Раздел 280.01 - Биро за регионален развој, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во износ од 443.000.000 денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма, во износ од 443.000.000 денари во 2021 година ќе се користат за следните намени:

| | |
|---|---|
| 1. Активности преку Министерство за локална самоуправа за 2021 година | |
| 1.1 Расходи за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година | 9.880.000 |
| 2. Активности преку Бирото за регионален развој за 2021 година | |
| 2.1 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на планските региони | 194.535.000 |
| 2.2 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | 53.055.000 |
| 2.3 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на селата | 53.055.000 |
| 2.4 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја | 53.055.000 |
| 2.5 Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | 700.000 |
| 3.Активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | 88.600.000 |

Член 3

Средствата од член 2 точка 1 потточка 1.1 од оваа програма, во износ од 9.880.000 денари се распределуваат за осумте Центри за развој на планските региони со намена финансирање на активностите и задачите на Центрите за развој на планските региони за тековната година.

Член 4

Средствата од член 2 точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 од оваа програма, ќе се користат за финансирање на активности за поттикнување рамномерен регионален развој во 2021 година.

Член 5

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.1 од оваа програма, во износ од 194.535.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на планските региони, врз основа на предложени проекти од советите за развој на планските региони.

Член 6

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.2 од оваа програма во износ од 53.055.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој, согласно член 52 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 7

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.3 од оваа програма, во износ од 53.055.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на селата, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој, согласно член 52 од Законот за рамномерен регионален развој.

За користење на средствата од став 1 на овој член, единиците на локалната самоуправа со седиште во град обезбедуваат учество од 50% од вредноста на одобрените проекти за развој на селата во нивен состав, додека единиците на локалната самоуправа со седиште во село немаат обврска за обезбедување сопствено учество за кофинансирање на одобрените проекти.

Член 8

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.4 од оваа програма, во износ од 53.055.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој, согласно член 52 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 9

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.5 од оваа програма, во износ од 700.000 денари ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско - инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31 декември 2007 година, согласно член 87 од Законот за рамномерен регионален развој и истите продолжуваат да го користат до остварувањето на правото на пензија согласно закон.

Член 10

Средствата од член 2 точка 3 од оваа програма, во износ од 88.600.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, согласно член 57 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 11

Од средствата од член 10 од оваа програма, ќе се поддржат проекти со фокус на следните приоритетни мерки и активности :

- поттикнување на економскиот раст во планските региони,
- развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и
- препознавање и искористување на конкурентските предности во планските региони.

Член 12

Средствата од член 2 точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 и точка 3 од оваа програма, се одобруваат согласно утврдените принципи, цели и приоритети на регионалниот развој во Република Северна Македонија и дефинираните мерки, инструменти и финансиски и други средства за нивна реализација утврдени со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, Програмата за развој на планските региони, актите за спроведување на планските документи за регионален развој, стратешките документи на општините и подзаконските акти за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 13

Средствата од член 2 точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 од оваа програма, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој се доделуваат согласно член 52 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 14

Следење на користењето на средствата од член 2 точка 1 поточка 1.1 од оваа програма, врши Министерството за локална самоуправа.

Член 15

Следење на користењето на средствата од член 2 точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 и точка 3 од оваа програма, врши Бирото за регионален развој.

Член 16

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2292/1
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.